# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 11 јуни 1975
Скопје
Број 21 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**207.**

Врз основа на точка 7 од Одлуката за определување премија за кравјо и овчо млеко во 1975 год. („Службен весник на СРМ“ бр. 19/75), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство во согласност со републичкиот секретар за финансии донесува

### НАРЕДБА
### ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА СПОРЕД ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕМИЈА ЗА КРАВЈО И ОВЧО МЛЕКО ВО 1975 ГОДИНА

1. Производителите на кравјо и овчо млеко (во натамошниот текст: корисници на премијата) ја остваруваат премијата од точка 1 на Одлуката за определување премија за кравјо и овчо млеко во 1975 година (во натамошниот текст: Одлуката) врз основа на барање за премија поднесено до Службата на општественото книговодство, кај која имаат жиро-сметка.

Како кравјо и овчо млеко произведено во кооперација со индивидуални земјоделски производители (точка 1 под б) на Одлуката) се подразбира кравјо и овчо млеко произведено врз основа на претходно склучен договор за кооперација.

2. Индивидуалните производители премијата од точката 1 под б) алинеја 1 од Одлуката, во готово по 0,20 дин. по 1 литар, ја остваруваат преку организацијата на здружениот труд со која имаат склучено договор за производство на млеко во кооперација.

Организацијата на здружениот труд од претходниот став е должна премијата да им ја исплати на производителите најдоцна 30 дена по нејзиното остварување.

3. Премијата од точката 1 под б) алинеја 2 од Одлуката (за заеднички функции) ќе се исплатува за наменска потреба и тоа:

— 005 динари за секој литар млеко со масленост од најмалку 3,2% за кравјо и 4% за овчо млеко на организацијата на здружениот труд што го договорила производството на млеко во кооперација со индивидуалните производители за покривање на трошоците за водење на матично книговодство и вршење селекција; и

— 005 динари за секој литар млеко со масленост од најмалку 3,2% за кравјо и 4% за овчо млеко на организацијата на здружениот труд што врши откуп на млекото произведено во кооперација со индивидуалните производители, за изградба и реконструкција на собирни центри за откуп на млекото произведено во кооперација и за набавка на нужната опрема во овие центри, за прием, контрола, цедење и ладење на млекото што се откупува од индивидуалните производители — кооперанти.

Средствата од алинеја 1 на оваа точка, организациите на здружениот труд се должни да ги издвојат на посебна сметка кај Службата на општественото книговодство и наменски да ги користат.

Поблиски упатства за користење на овие средства ќе донесе Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство.

Средствата од алинеја 2 на оваа точка, организациите на здружениот труд се должни да ги издвојат на посебна сметка кај Службата на општественото книговодство кај која имаат жиро-сметка.

Средствата од претходниот став ќе се користат врз база на изработени инвестициони програми.

Средствата наменети за организирање на собирни пунктови за млеко, можат да ги покријат сите инвестициони вложувања, дел од средствата предвидени со инвестиционите програми, или да претставуваат сопствено учество за добивање инвестициони кредити за предвидените намени.

4. Кон барањето за премија, корисникот на премијата од точка 1 на Одлуката прилага:

— потврда (извод) од книговодствената евиденција за количините на произведеното млеко од сопствено производство во која е назначен и процентот на млечната маст, потпишана од раководителот на организацијата на здружениот труд и раководителот на сметководството, и потпечатена;

— потврда врз база на приемниците за откупено свежо млеко произведено во кооперација, во која треба да биде назначен и процентот на млечната маст;

— пресметка на премијата во која се внесуваат податоци за произведените односно откупените стварни и пресметани количини кравјо и овчо млеко изразени во литри;

— препис од потврдата издадена од Институтот за сточарство и репродукција за воведување и уредно водење на контролата на производните способности, матичното книговодство, и за вршење селекција кај кравите и овците;

— потврда издадена од организацијата на здружениот труд со која индивидуалниот земјоделски производител склучил договор за производство, испорака или преработка на млекото во кооперација. Во оваа потврда мора да бидат назначени броевите под кои договорите се заведени кај организацијата на здружениот труд, како и датумот на склучување на договорот;

— доказ дека индивидуалниот земјоделски производител ја остварил премијата — список во кој се внесува количината на откупеното млеко пресметано според масленоста, износот на премијата, сметано за 1 литар по 0,20 динари при масленост од 3,2% за кравјо и 4% за овчо млеко, со потпис на индивидуалниот производител и место на живеење. Списокот се доставува до Службата на општественото книговодство најдоцна три месеци по поднесување на барањето.

Доколку до определениот рок списокот не биде поднесен, организациите на здружениот труд се должни да ја вратат премијата;

— доказ дека е изготвена и поднесена на одобрување во банката инвестициона програма за изградба односно реконструкција на собирни центри за млеко, како и фактури за набавената опрема за прием, контрола, цедење и ладење на млекото.

5. Премијата нема да се исплатува за онаа количина произведено или откупено млеко за која постои пријава од надлежниот инспекциски орган на општината дека не ги исполнува условите предвидени со точката 2 и 4 од Одлуката за минималната откупна цена за кравјо и овчо млеко.

Препис од пријавата надлежниот инспекциски орган на општината да достави до Службата на општественото книговодство.

6. Кога Службата на општественото книговодство ќе утврди дека барањето за премија во поглед на пресметувањето на премијата и приложената документација е исправно, го одобрува износот на премијата на товар на средствата на Републичкиот буџет сметка број 40100-630-16 позиција 211-16-2 — републичка премија за кравјо и овчо млеко.

7. Ако кон барањето за премија се прилагаат преписи на оригинални исправи тие мораат да бидат потпишани од овластени лица и на нив мора да биде втиснат печат на корисникот на премијата а оригиналните исправи се поднесуваат на увид.

Службата на општественото книговодство е должна на секоја оригинална исправа од ставот 1 на оваа точка која се поднесува на увид да назначи дека премијата е исплатена.

8. Барањето за премијата мора да биде поднесено до Службата на општественото книговодство до 31 јануари наредната година, за млеко што е произведено и испорачано до 31. XII. 1975 година.

Корисникот ќе го изгуби правото на премијата доколку барањето не го поднесе до определениот рок.

9. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1. 1. 1975 година.

Број 08-1179/1
16 мај 1975 година
Скопје

Републички секретар за земјоделство и шумарство,
**д-р Јанко Лазаревски,** с. р.

---

**208.**

Врз основа на член 186 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ" бр. 8/75), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ВРШЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА

Член 1

Со овој правилник поблиску се определуваат минималните услови во поглед на техничката опрема и кадрите со кои мора да располага организација на здружениот труд или друга организација што ќе добие одобрение за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила, земјоделски трактори и приклучни возила што ги влечат тие трактори (станица за технички преглед); начинот на вршењето на техничкиот преглед и исклучувањето од сообраќај на возило што е најдено неисправно на техничкиот преглед и начинот на водењето на евиденцијата за извршените технички прегледи.

### I. Техничка опрема и кадар

Член 2

За утврдување на техничката исправност на моторните и приклучните возила, земјоделските трактори и приклучните возила што ги влечат тие трактори (возило), станицата за технички преглед е технички опремена особено со:

1. дигалка со доволна носивост и висина на дигањето или канал наменет за преглед на долниот построј со должина од најмалку 7—8 м., ширина 0,8 м. и длабочина 1,4—1,6 м. кој има лествици барем на едната страна ,вградено внатрешно осветление кое овозможува осветленост од најмалку 250 лукса и едно подвижно светло. Каналот е обезбеден од паѓање на возилото и е опремен со една подвижна дигалка за проверка на предниот трап на возилото;

2. уред за мерење на силата на кочењето на обемот на тркалата од иста оска, кој треба да ги исполнува следните нормативи:

— да ја покажува силата на кочење во килопонди;

— сказалката што ги покажува резултатите од испитувањето да има рамномерен од;

— контролното светло да се пали штом ќе почнат да блокираат тркалата;

— грешките во покажувањето на резултатот да не бидат поголеми од 5% и

— квалитетот на материјалот и конструкционите решенија да осигуруваат сигурна работа и спречуваат неисправности;

3. уред за мерење на слободниот од на тркалото на управувачот;

4. уред за контрола на насоченоста на светлата со граден индикатор за проверка на јачината на светлосниот сноп-луксметар и уред за визирање;

— уред за мерење на силата на командата на работната и помошната кочница — динамометар што ја мери силата во килопонди;

5. уред за мерење на составот на издувните гасови;

6. уред за мерење на електро-заштитата на возилото;

7. уред за проверка на елементите на еластичниот систем, потпирањето и закачувањето;

8. уред за мерење на буката на возилата што одговара на препораката ИЕЦ 123;

9. мерач на длабочината на шарките на пнеуматикот со нониус;

10. манометар за проверка на притисокот на воздухот во пнеуматикот;

11. уред за мерење на степенот на обоеноста на издувните гасови што одговара на постојните прописи, стандарди и нормативи;

12. уред за контрола на геометријата на управувачкиот механизам — наклон, затур и насочување;

13. мерен уред за проверка на габаритот, растојанието на оските и распонот на тркалата;

14. каталог на бои по југословенски стандарди;

15. уред за контрола на одзивот на командата на кочните системи;

16. стоперица или соодветен хронометар за проверка на бројот на трепкањата на покажувачот на правецот;

17. метар или метарска пантлика од 25 м[1];

18. рачен прибор и алат;

19. важечки прописи за југословенските стандарди за возилата што подлежат на технички преглед, упатства за ракување и одржување на техничката опрема, како и други технички прописи што се од значење за вршење на техничкиот преглед.

Член 3

Техничката опрема се користи на начин предвиден со упатство на производувачот и според општо познатите и признатите технички нормативи.

Член 4

Технички преглед се врши со исправна техничка опрема.

Член 5

Технички преглед може да врши стручен работник кој има најмалку завршено средно образование од машинска, сообраќајна или електрична насока или кој е по занимање автомеханичар односно автоелектричар (контролор).

### II. Начин на вршење на технички преглед

Член 6

Технички преглед се врши на хоризонтален и рамен под исчистен од масла, горива и други нечистотии.

Член 7

Технички преглед не може да почне да се врши ако возилото не е чисто и обоено, како и ако има видни оштетувања на каросеријата.

Член 8

На техничкиот преглед, пред да се пристапи кон проверување на техничката исправност, се утврдува дали податоците на возилото што се впишуваат во регистрациониот лист одговараат на податоците што се впишани во документот за потеклото и сообраќајната дозвола.

Доколку се утврди дека податоците од претходниот став не се сложуваат, контролорот ќе изврши технички преглед и ќе го овери регистрациониот лист со забелешка дека постои разлика во податоците.

Ако податоците од став 1 на овој член се сложуваат, но основано може да се посомнева дека тие се преправени или на возилото или во документите, се врши техничкиот преглед, а во горниот дел на предната страна на регистрациониот лист се втиснува штембил со црвено обоени букви: „ОС“ со димензии од 1 x 1 см.

Во случаите од претходниот став станицата за технички преглед ќе му достави известување на општинскиот орган за внатрешни работи каде таа се наоѓа со податоци за регистарскиот број, марката, видот и типот на возилото, бројот на моторот и бројот на шасијата, името и презимето и адресата на сопственикот односно називот и адресата на носителот на правото на користење на возилото.

Член 9

Димензиите и тежинските вредности се утврдуваат со увид во документацијата за потеклото на возилото, сообраќајната дозвола или во признат каталог на технички податоци односно со мерење и вагање, ако не се располага со таква документација.

Член 10

Технички преглед се врши на празно возило оптоварено само со возач и задолжителна опрема, а технички преглед на исклучено возило од сообраќај поради техничка неисправност (член 197 став 1 од Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата — „Службен лист на СФРЈ“ бр. 17/74 и член 200 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата — „Службен весник на СРМ“ бр. 8/75) може да се врши и на натоварено возило.

Член 11

Технички преглед се врши целосно.

Технички преглед на возило кое е вратено или исклучено од сообраќај заради отстранување на некоја неисправност на уред или опрема се врши само на тој уред односно опрема доколку возилото е доведено на повторен преглед во определениот рок потребен за отстранување на неисправноста.

Член 12

Контролорот ќе утврди дали регистарските таблици и другите пропишани ознаки се правилно поставени, добро прицврстени и исправни односно оштетени до таа мерка да е нарушена нивната функционалност.

Член 13

На технички преглед се утврдува особено: дали уредите кои служат за управување и сопирање на возилото, за осветлување на патот, означување на возилото и давање знаци на другите учесници во сообраќајот, како и дали другите уреди и опрема кои возилата треба да ги имаат во сообраќајот на патиштата одговараат на пропишаните технички нормативи и други технички услови од значење за безбедноста на сообраќајот.

При вршење на технички преглед се проверува дали возилото е преправано и дали во него се вградени уреди, делови или склопови. Ако за преправањето и вградувањето е извршено атестирање, на предната страна на сообраќајната дозвола се втиснува црвено обоена буква „А“ со димензии од 1 x 1 см. Оваа ознака се пренесува и кога се заменува сообраќајната дозвола.

**1. Преглед на возната постројка и каросеријата односно на самоносечката конструкција.**

Член 14

При преглед на возната постројка особено се проверува дали:

— врската помеѓу тркалата и рамот односно каросеријата не се оштетени или разлабавени;

— тркалата на своите ракавци или полувратилата се правилно поставени и обезбедени и дали немаат поголеми одвоености од дозволените;

— елементите на еластичниот систем се добро прицврстени за своите носачи, дали се механички оштетени, дали исправно функционираат односно дали влијаат на стабилноста на возилото.

Член 15

При преглед на каросеријата односно самоносечката конструкција особено се проверува дали:

— каросеријата односно самоносечката конструкција и нивните врски (нитни, винтови и места што се заварени) не се деформирани или оштетени во таа мерка да постои опасност од кршење;

— рамот или носачкиот дел на конструкцијата не ја изменил формата, не е преправен заради зголемување или намалување на товарниот простор или од било кои други причини.

**2. Преглед на моторот и погонските уреди**

Член 16

При преглед на моторот особено се проверува дали:

— моторот е добро прицврстен на своите потпирачи и дали елементите за врска се исправни и неоштетени;

— моторот е комплетен — дали ги има сите агрегати за определена погонска енергија;

— моторот при работа создава бука поголема од дозволената;

— моторот при работа ги задоволува пропишаните услови во однос на загадувањето на атмосферата.

Член 17

При преглед на погонските уреди особено се проверува дали:

— сите уреди за пренос на силата од моторот до погонските тркала се исправни, неоштетени и добро прицврстени на своите потпирачи;

— врските помеѓу одделни погонски уреди (спојница, менувач, кардански разбој, погонски мост) се неоштетени и добро зацврстени.

**3. Преглед на уредот за управување**

Член 18

При прегледот на уредот за управување особено се проверува дали:

— деловите и склоповите на механизмот за управување добро се зацврстени;

— деловите и склоповите на уредот за управување се неоштетени или нестручно се поправени;

— се исправни зглобовите на спониte и полугите кои го врзуваат управувачкиот механизам со тркалата;

— слободниот од на тркалото на управувачот е во дозволени граници;

— сите елементи и делови на серво-уредот за управување се исправни, а посебно да не се оштетени или ослабени цевките и цревата;

— уредот како целина исправно функционира.

Испитувањето од претходниот став се врши на канал и спрема потреба предниот дел на возилото се поткрева.

Слободниот од на тркалото на управувачот се проверува кај секое возило со рака или со помош на агломер.

**4. Преглед на уредот за сопирање**

Член 19

При прегледот на уредот за сопирање особено се проверува дали:

— возилото има соодветен уред за сопирање;

— деловите на уредот за сопирање се добро прицврстени, неоштетени, преправени или на било кој начин сменети, како и дали инсталацијата добро е затната и не го испушта работниот флуид;

— работната, помошната и паркирната кочница се комбинирани на пропишан начин;

— деловите на уредот за сопирање — работна, помошна и паркирна кочница, ги задоволуваат пропишаните услови за успорување односно на кочниот коефициент и силата на активирање на командите;

— успорувачот, ако е пропишан, постои на возилото и функционира исправно;

— падот на притисокот во пневматичниот преносен механизам при едно закочување ги поминува пропишаните вредности;

— разликата на силата на кочењето на тркалата од иста оска е во дозволените граници;

— уредот за сопирање како целина функционира исправно.

Член 20

Ефикасноста на уредот за сопирање се проверува на уредот од член 2 став 1 точка 2 на овој правилник.

Пред почетокот на проверката на ефикасноста на уредот за сопирање се проверува притисокот на воздухот во пневматиците, ако за тоа има потреба.

При прегледот на уредот за сопирање контролорот во возилото ги притиснува командите, а преку динамометарот ја проверува силата на притиснувањето. Прегледот на деловите на уредот за сопирање, што се наоѓаат на долниот дел на возилото, се врши однадвор.

Член 21

Како основа за пресметување процентот на разликата на силата на кочењето на тркалата на иста оска се зема поголемата кочна сила, додека кај работната кочница се земаат силите на кочење што настануваат непосредно пред блокирање на тркалата.

Проверката на ефикасноста на кочниците на возилата со три и повеќе оски и на возилата со вонгабаритни димензии, кај кои на уредот од член 2 став 1 точка 2 од овој правилник не може да се врши испитување или со него не можат да се добијат објективни резултати, се врши на начин пропишан за испитување на возилата во движење.

Нерамномерноста на кочењето на тркалата од иста оска се утврдува со стручна оценка на контролорот, а врз основа на занесување на возилото и траговите на кочењето.

**5. Преглед на светлосните и светлосно-сигналните уреди**

Член 22

При преглед на светлосните уреди за осветлување на патот особено се проверува дали:

— на возилото се вградени само пропишани светла и дали се поставени на пропишан начин;

— бојата, бројот, положбата и јачината на светлосните уреди се во склад со постојните прописи;

— светлата се меѓусебно поврзани на пропишан начин и дали функционираат исправно;

— светлосниот сноп на собореното светло и светлосниот сноп на големото светло е со соодветен интензитет и правилно утврден така да го осветлува патот на пропишан начин:

— стаклото на фарот е неоштетено и сферното огледало е без механички оштетувања, корозија и доволно сјајно;

— на возилото постојат светлосни уреди, чие поставување не е дозволено.

Одредбата од претходниот став се однесува и при преглед на светлосните уреди што не се задолжителни, доколку се такви вградени на возилото.

Член 23

При прегледот на светлосните уреди за означување на возилото особено се проверува дали:

— уредите се поставени на пропишан начин;

— видливоста, бројот, бојата, положбата, јачината и работата на уредите се во склад со постојните прописи и дали функционираат исправно;

— светлата можат да се вклучат на пропишан начин и дали се прописно поврзани со другите светла.

Член 24

При преглед на светлото за осветлување на задната регистарска таблица на возилото се проверува дали светлоста прописно се простира по таблицата и дали е тоа поврзано со другите светла на пропишан начин.

Член 25

Ако на возилото е вградено жолто ротационо светло или сино треперливо светло, се проверува дали е поставено на пропишано место, видливо ли е од сите страни и дали функционира.

Член 26

При преглед на катадиоптерот се проверува дали е со пропишан облик, боја, положба и големина на ефикасната рефлектиречка површина.

Член 27

При преглед на покажувачите на правецот се проверува состојбата, положбата, бројот, бојата, функционирањето и видливоста, како и дали бројот на трепкањата е во дозволени граници.

**6. Преглед на контролните и сигналните уреди**

Член 28

При преглед на контролните и сигналните уреди се проверува дали на возилото се вградени сите светлосни и звучни уреди кои за поодделни видови возила се пропишани — брзиномер со патомер, тахограф, сигнализатор за контрола на работата на покажувачот на правецот, контролна ламба за големото светло, покажувач на расположивиот притисок на пневматскиот или хидрауличниот уред за сопирање и дали функционираат исправно.

**7. Преглед на уредите што овозможуваат нормална видливост**

Член 29

При преглед на уредите што овозможуваат нормална видливост особено се проверува дали:

— ветробранското стакло и другите застаклени површини на возилото се изработени од сигурносно стакло и дали добро се зацврстени во своите лежишта;

— застаклените површини се доволно провидни, не оштетени и не покажуваат знатни деформации на предметите што се гледаат преку нив;

— возилото има брисачи и перачи на ветробранското стакло кои функционираат прописно;

— на возилото постојат пропишани огледала на соодветни места кои се прицврстени на пропишан начин.

**8. Преглед на оските, тркалата и пневматиците**

Член 30

При преглед на оските, тркалата и пневматиците особено се проверува дали:

— возилото ги има сите оски и дали истите се исправни и неоштетени;

— на возилото се наоѓаат сите предвидени тркала и дали се деформирани од удар или од други причини;

— на тркалата се вградени пневматици со пропишани димензии;

— пневматиците на тркалата на иста оска се исти по вид, носивост и димензии;

— пневматиците се истрошени во поголема мерка од дозволените вредности и се оштетени на било кој начин.

**9. Преглед на уредот за давање звучни сигнали**

Член 31

При преглед на уредот за давање звучни сигнали особено се проверува дали:

— возилото има уред што функционира исправно;

— дава звук со пропишан интензитет и дали се вградени други уреди што не се пропишани;

— посебниот уред за давање звучни сигнали, ако е пропишан, дава звук со низа тонови со променлив интензитет;

— командата за вклучување е поставена на пропишано место.

**10. Преглед на уредот за движење на возилото наназад**

Член 32

На возилата кои мораат да имаат степен на пренос што овозможува движење на возилото наназад се проверува дали тој уред функционира исправно.

**11. Преглед на уредот за одвод на согорливите гасови**

Член 33

При преглед на уредот за одвод на согорливите гасови особено се проверува дали:

— изводот на издувната цевка е поставен во пропишаниот правец;

— уредот како целина е во исправна состојба;

— моторот, кога е оптоварен, произведува гасови потемни од пропишаната боја.

Обоеноста на издувните гасови се утврдува со стручна оценка на контролорот, а во сомнителни случаи задолжително се утврдуваат со уредот од член 2 став 2 точка 11 на овој правилник.

**12. Преглед на влечниот уред за спојување на влечно и приклучно возило**

Член 34

При преглед на влечниот уред за спојување на влечно и приклучно возило особено се проверува дали:

— е изведен и поставен на пропишан начин и дали е неоштетен и поправен;

— оската на влечниот уред за спојување со помош на која се квачи возилото има осигурувач кој оневозможува при нормална употреба раздвојување на спрегнатите возила.

При прегледот особено да се внимава на случаите кога влечниот уред дополнително е вградуван на возилото.

**13. Преглед на останатите уреди, делови и ознаки на возилата и нивната опрема**

Член 35

При преглед на останатите уреди и делови во зависност од видот на возилото односно приклучното возило што се подложува на технички преглед особено се проверува дали:

— возилото ги има сите уреди, делови и ознаки што се пропишани за тој вид возило;

— на мотоциклот се поставени држачи за нозете на возачот и патникот и држач за патникот;

— отворот на налевката за полнење на резервоарот со гориво се наоѓа на пропишано место;

— бравите на вратите се исправни;

— возилото над своите тркала има пропишани калници;

— зад задните тркала на возилата, освен кај мотоциклите и тракторите, се поставени исправни перденца;

— автобусот и приклучното возило со кои се врши превоз на патници има уред за проветрување;

— акумулаторот е зацврстен на пропишан начин;

— автобусот со преку 25 седишта има прекинувач на главното коло на електричната инсталација и дали тој се наоѓа на пропишаното место;

— наслонот на предното седиште има пропишани осигурувачи;

— возилото има соодветен уред за одмрзнување и одмаглување на ветробранот и уред за греење и проветрување на кабината за возачот и просторот за патниците;

— браниците се во исправна состојба и се поставени на пропишан начин;

— патничките автомобили имаат вградени приклучоци за обезбедување на возилата од неовластена употреба;

— на моторно возило со погон на течен гас резервоарот со гасот е поставен на пропишан начин.

При прегледот на останатите уреди и ознаки посебно внимание треба да се обрне на возилата на кои се врши превоз на опасни материи.

Член 36

При преглед на опремата на возилото се проверува дали истото е опремено со пропишана опрема и дали е во исправна состојба.

Член 37

Ако на техничкиот преглед се констатира дека возилото ги има сите пропишани уреди и истите се во исправна состојба, како и ако се исполнети другите пропишани услови за учество во сообраќајот на пат, се врши заверка на регистрациониот лист со потпис на контролорот и датум на извршениот преглед.

**III. Начин на исклучување на возилото од натамошно користење**

Член 38

Кога на техничкиот преглед контролорот најде дека возилото е неисправно (член 201 од Законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата), истото ќе го исклучи од сообраќај на тој начин што ќе ги симне регистарските таблици.

Контролорот ќе издаде потврда за причините за исклучување на возилото од сообраќај и ќе го определи начинот на кој возилото може да ја напушти станицата за технички преглед.

Член 39

Станицата за технички преглед може да ги задржи регистарските таблици најмногу седум дена по кој рок истите му ги доставува на општинскиот орган за внатрешни работи на чие подрачје е регистрирано возилото.

Член 40

Станицата за технички преглед односно општинскиот орган за внатрешни работи ги враќа одземените регистарски таблици штом при повторен технички преглед биде утврдено дека се отстранети причините поради кои возилото е исклучено од сообраќај.

## IV. Начин на водењето на евиденцијата за извршените технички прегледи

Член 41

Станицата за технички преглед води регистар за технички прегледаните возила и записник за техничкиот преглед.

Член 42

Регистарот за технички прегледаните возила ги содржи следните податоци: реден број, датум на извршениот технички преглед, регистарски број, вид, марка и тип на возилото, име и презиме на сопственикот односно назив на носителот на правото на користење на возилото, дали регистрациониот лист е заверен или не односно дека возилото е исклучено од сообраќај и забелешка.

Регистарот се води за секоја година посебно.

Ако возилото што се прегледува не е регистрирано, наместо податокот за регистарскиот број, се забележуваат зборовите „без регистарски број“.

Член 43

Записник за технички преглед се изготвува во случаите кога при техничкиот преглед се констатира дека возилото ги нема сите пропишани уреди и опрема или тие се во неисправна состојба или не се исполнети другите пропишани услови за учество на возилото во сообраќај.

Член 44

Записник за технички преглед се пополнува во два примерока од кои едниот се дава на сопственикот односно носителот на правото на користење на возилото, а другиот се чува во станицата за технички преглед.

Член 45

Записникот за технички преглед се води на образец што е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Пополнувањето на податоците се врши со пишување или заокружување на соодветниот податок.

Член 46

Ако неисправно возило од член 11 став 2 на овој правилник не се донесе на технички преглед во определениот рок, во записникот за технички преглед се заокружува рубриката „неисправно“, а во регистарот во рубриката „дали регистрациониот лист е заверен или не е“ се запишуваат зборовите: „не е донесено на повторен технички преглед“.

## V. Завршни одредби

Член 47

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 05-5750/1
17 мај 1975 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Мирко Буневски, с. р.**

(Страна 1)

____________________
(Назив на овластената организација)
Станица за технички преглед
__________
место

Боја: бела
Дата: ____

### ЗАПИСНИК ЗА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД

Регистарски број на возилото __________
Податоци за сопственикот — носителот на правото на користење на возилото
Сопственик — носител на правото за користење на возилото __________
Место на живеење __________ седиште ______
Адреса ____________________
Податоци за возилото
Марка __________ тип ______
Година на производство __________
Боја (каталошки број) __________
Број на оски ________ од кои погонски ______
Број на моторот _______ број на шасијата ______
Работна зафатеност на моторот ________ $cm^3$
Сила на моторот во КС по Дин. __________
Носивост (тона) ____________________
Број на седишта ____________________
Тежина на празно возило во кг. __________
Децимална ознака ЈУС М. НО. 010 __________
Земја каде е произведено __________

| Сопственост: | Вид на превозот: |
|---|---|
| 1. Општествено | 1. Сопствени потреби |
| 2. Приватно | 2. Јавен превоз |

Техничкиот преглед е: 1. редовен 2. вонреден — делумно 3. вонреден — потполн.

(Страна 2)

На техничкиот преглед на возилото е утврдено дека се исправни сите уреди и опрема, освен оние чиј реден број е заокружен:

Мотор и погонски уреди

1. Врска на моторот и погонските уреди со наслони
2. Уред за движење наназад
3. Надворешна бука
4. Уред за одвод на издувните гасови
5. Обоеност на издувните гасови (за дизел мотори)
6. Однос на снагата на моторот и најголемата дозволена тежина
7. ____________________

Кабина, каросерија и возни построј

8. Кабина
9. Механички оштетувања на каросеријата, рамот, осовините и тркалата
10. Препуст
11. Врска на тркалата и федерите со рамот (каросеријата)
12. Тркала и зазори во тркалата
13. Пневматици ________________
14. ____________________

Уред за управување

15. Механички оштетувања
16. Зацврстеност на деловите и склоповите
17. Неисправност на сервоуправувачот
18. Заптивеност на инсталациите на сервоуправувачот
19. Слободен од на тркалото на управувачот
20. Сила на тркалото на управувачот
21. Неисправно функционирање на уредот како целина
22. Неисправност на зглобовите, спониге и полугите
23. ____________________

Уред за сопирање

24. Поседување, преправање и зацврстеност на кочната инсталација
25. Оштетување на гумените делови
26. Заптивеност на кочната инсталација
27. Од на командата и враќање во првобитна положба
28. Сила на кочење на работната кочница
29. Сила на кочење на помошната кочница
30. Разлика на силата за кочење
31. Време на одзивот на кочните команди
32. Издувни или некој друг забавувач
33. Регулатор на непрекинато пригодување на интензитетот на кочење
34. Сила за активирање на кочниците
35. Други одредби за кочниците и кочењето
36. ——————————

Светлосни и светлосно-сигнални уреди

37. Големи светла
38. Соборени светла
39. Насоченост и интензитет на светлосниот сноп
40. Светло за осветлување на патот при возење наназад
41. Светла за магла
42. Светла за означување на возилото
43. Паркирни светла
44. Светла за осветлување на задната регистарска таблица
45. Катадиоптери
46. Габаритни светла
47. Покажувач на правец (жмигавец)
48. Меѓусебна поврзаност на светлата
49. Жолто ротационо и треперливо сино светло
50. Други одредби за светлосните и светлосносигналните уреди
51. ——————————

Контролни и сигнални уреди

52. Брзиномер со патомер и светилка за осветлување
53. Контролна сина ламба за големо светло
54. Светлосен или звучен сигнализатор за контрола на работата на покажувачот на правецот
55. Тахограф
56. Сигнализатор за контрола на работата на покажувачот на правецот
57. Покажувач на расположививот притисок на пневматскиот или хидрауличниот уред за кочење
58. Сигнализатор на недозволениот притисок на пневматиците

Уреди што овозможуваат нормална видливост

59. Ветробранско стакло и надворешни прозорски стакла на кабината и каросеријата
60. Брисач
61. Перач
62. Возачки огледала
63. ——————————

Уред за давање звучни сигнали

64. Поседување на уред
65. Јачина на звукот на уредот
66. Уедначеност на бојата и интензитетот на звукот на звучните сигнали

Влечен уред за спојување на влечно и приклучно возило

67. Механички оштетувања
68. Осигурач
69. ——————————

Други уреди и делови на возилото

70. Податоци за возилото
71. Внатрешен простор на возилото
72. Врати и брави
73. Капаци и други видови затворачи
74. Уред за одмрзнување и одмаглување на ветробранот
75. Калници и браници
76. Акумулатор — сместеност
77. Уред за обезбедување на возилото од кражба
78. Простор за товар и страници со затворачи и осигурачи
79. Изглед на бојата и ознаки на возилото
80. Регистарски таблици
81. Димензии и тежина на возилото
82. Возилото ги нема сите пропишани уреди и делови
83. ——————————

Опрема на возилото

84. Апарат за гаснење на пожар
85. Резервно тркало
86. Триаголник
87. Кутија за прва помош
88. Клинести подметки
89. Резервни сијалици
90. Чекан
91. ——————————
92. Поблиско објаснување за најдените неисправности:

——————————————

——————————————

——————————————

——————————————

Со повторен преглед во определениот рок е утврдено дека се отстранети неисправностите констатирани под ред. бр. ————.

Со повторен преглед во определениот рок е утврдено дека не се отстранети неисправностите констатирани под ред. бр. ————

(непотребно да се прецрта)

———— 19 —— год.

МП.

Контролори:

1. ——————
2. ——————

## ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**237.**

Врз основа на член 10 од Законот за општествено договарање и самоуправно спогодување за основите и мерилата за распределба на доходот и на личните доходи и за општествено насочување на распределбата на доходот („Службен весник на СРМ“ број 24/71), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Македонија, Претседателството на Сојузот на синдикатите на Македонија, Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната војна на Македонија, Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија и Стопанската комора на Македонија, на ден 3 јуни 1975 година, склучуваат

## ПОСЕБЕН ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

**За изменување и дополнување на Посебниот општествен договор за критериумите и мерилата за усогласување на надоместокот на личен доход и на примањата на делегатите и функционерите што ги избираат односно именуваат Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија, Извршниот совет на Собранието на СРМ, општествено-политичките организации и Стопанската комора на Македонија**

Член 1

Ставот 1 од член 6 се менува и гласи:

„Надоместокот на личен доход, според критериумите од член 5 на овој договор, се утврдува кога просечниот личен доход по вработен во стопанството во Републиката во претходното полугодие ќе се пресмета со следните коефициенти:

— за највисоките изборни функции до 4

— за другите изборни функции до 3,55

— за функционерите што се именуваат до 3,10".

Член 2

Членот 9 се менува и гласи:

„Заедничката комисија од член 16 на овој договор, на потписниците на Договорот им предлага усогласување на личните доходи на функционерите според просечниот пораст на личните доходи на вработените во стопанството во Републиката и со просечниот пораст на продуктивноста во стопанството во претходното полугодие, врз основа на службените податоци на Републичкиот завод за статистика".

Член 3

Одредбите од членовите 1 и 2 на овој посебен општествен договор ќе се применуваат од 1 јануари 1975 година.

Член 4

Овој посебен општествен договор се смета за донесен кога ќе го потпишат овластените претставници на сите потписници, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 11-1309
3 јуни 1975 година
Скопје

ПОТПИСНИЦИ НА ДОГОВОРОТ:

За Собранието на СРМ:
**Бурхан Адеми,** с. р.

За Претседателството на СРМ:
**Каменчо Ѓоргов,** с. р.

За Извршниот совет на Собранието на СРМ:
**Вера Димитрова,** с. р.

За Републичката конференција на ССРНМ:
**Методија Зврцинов,** с. р.

За Централниот комитет на СКМ:
**Благоја Силјановски,** с. р.

За Претседателството на Сојузот на синдикатите на Македонија:
**Томе Николовски,** с. р.

За Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ:
**Славе Поповски,** с. р.

За Републичката конференција на ССММ
**Сефер Мимидиновски,** с. р.

За Стопанската комора на Македонија:
**Живко Трајковски, с. р.**

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КРИВА ПАЛАНКА

**238.**

Врз основа на член 101, 102 и 103 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 2/71) и член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), а по предлог на Извршниот одбор, Собранието на Општинската заедница, на својата седница одржана на 30 април 1975 година, донесе

### ОДЛУКА

**ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО 1975 ГОДИНА**

Член 1

Стапката на придонесот за здравственото осигурување на работниците за 1975 година, се определува во височина од 7,5% од бруто личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствена заштита од 3%; и

— стапката на придонесот за правата на здравствена заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување од 4,5%.

Тарифата на придонесот за здравственото осигурување во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести се определува во височина од 0,50%. Основица за пресметување придонесот од овој став кај обврзниците кои формираат доход претставува остварениот доход намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доход. Основица кај обврзниците кои не формираат доход претставуваат бруто личните доходи и другите примања.

Придонес за несреќа на работа и заболување од професионални болести по 0,50% од бруто основицата пресметуваат и плаќаат и обврзниците на придонес, кои не формираат доход за вработени по договор за дело.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство се определува во висина од 20% од нето личниот доход, односно основицата утврдена со посебна одлука за деташирани работници во странство.

Посебниот придонес од претходниот став се распоредува по видови на правата сразмерно на стапките односно тарифата на придонесот определен во член 1 на оваа одлука.

Член 3

Доколку со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението (во натамошниот текст: Законот) и другите општи акти на Заедницата, основицата за пресметување на придонесите е определена во нето износ, придонесите за здравственото осигурување се пресметуваат и плаќаат по стапки односно тарифа пресметана на примање на нето личен доход односно примања.

Пресметување на стапките и тарифата на начин предвиден во претходниот став се врши кога личните доходи исклучително се пресметуваат и плаќаат во нето износи, како и во случаи кога

во личните доходи не се содржани сите придонеси од личниот доход или истите се плаќаат по други стапки по кои придонесот се пресметува и плаќа за поголем број работници вработени во работни организации.

Придонесите за здравственото осигурување и посебниот придонес за користење на здравствената заштита во странство ќе се уплатуваат со еден налог — уплатница.

Член 4

Обврзникот за уплата на придонесот е должен, согласно член 105 од Законот, при уплата на придонесите за здравственото осигурување и посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство на самиот налог — уплатница да даде спецификација на уплатените придонеси по видови на правата, со ознака на основицата и период за кој се пресметува и уплатува придонесот.

Член 5

Придонесот го пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со Законот и другите општи акти на Заедницата.

Член 6

Со денот на применување на оваа одлука престанува да важи Одлуката за стапките и тарифата на придонесите за здравствено осигурување на работниците во 1975 година, бр. 01-1329 од 27 декември 1974 година.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-427
30 април 1975 година
Крива Паланка

Претседател,
**Благој Китановски**, с. р.

---

**239.**

Врз основа на член 9 став 6 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), член 22 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка на сите собори на делегатите, на својата седница одржана на 30 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОСТОЈАНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИТЕ КАТЕГОРИИ ЛИЦА НАДВОР ОД РАБОТНИОТ ОДНОС ОСИГУРЕНИ ПО ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ВИДОВИ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Член 1

Придонесите на здравственото осигурување во постојан месечен износ за 1975 година се плаќаат и тоа:

1. за ученици во стопанството, односно за ученици во училиштата за квалификувани работници, за кои покрај училишната се изведува и практична настава во работната организација, училиштето или кај приватниот работодавец — во износ од 40,00 динари, за несреќа на работа и заболување од професионални болести;
2. за лица на доброволна практика (волонтери) што немаат личен доход ако работат со полно работно време — 100,00 динари;
3. за лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука (логорување) — 40,00 динари;
4. за лица кои учествуваат на младински работни акции, кои по прописите за инвалидско осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност — 40,00 динари;
5. за лица кои учествуваат во организирани јавни работни акции, ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно — 80,00 динари;
6. за уживателите на постојана државна помош, дадена од страна на бившите президиуми на народните собранија или од страна на Извршниот совет, во износ од 80,00 динари;
7. за учениците во средните училишта и студентите во вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии за времетраењето на практичната работа во врска со наставата — 40,00 динари;
8. за лица кои учествуваат на организирани работни акции — 40,00 динари;
9. за лица кои се наоѓаат на предвојничка обука — 40,00 динари;
10. за лица кои се наоѓаат на извршување задачи на територијалната одбрана или на цивилната заштита — 40,00 динари;
11. за припадниците на доброволните организации на противпожарната заштита — 40,00 динари;
12. посебниот придонес за членовите на своето потесно семејство кои живеат на подрачјето на СРМ, а на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравственото осигурување се утврдува во постојан месечен износ од 40,00 динари по член;
13. за иселениците — повратници, што се населени на територијата на СРМ, редовно пријавени кај надлежниот завод за вработување по член 13, став 1, точка 10 од Законот — во износ од 80,00 динари;
14. за лицата што привремено се вон работен однос додека се пријавуваат кај надлежниот завод за вработување по член 13, точка 8 и 9 од Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита, а кои не стекнале право на материјално обезбедување — во износ од 80,00 динари;
15. за лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување или преквалификација што ги организира Заводот за вработување на работниците — во износ од 40,00 динари;
16. за лицата кои организацијата пред заснование на работниот однос со нив ги упати како свои стипендијанти за практични работи во друга организација, заради стручно оспособување, ако за тоа време примаат стипендија, во износ од 80,00 динари;
17. за лицата на школување, стручно усовршување или постдипломски студии, кои поради тоа го раскинале работниот однос ако за тоа време примаат стипендија 80,00 динари;
18. за лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување или преквалификација што ги упатил Заводот за вработување на раобтниците, во износ од 40,00 динари;
19. за брачните другари, односно родители осигурени по член 21 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението — 80,00 динари;
20. За југословенските државјани кои согласно постојните прописи се упатени во странство заради учење, односно здобивање со практика — 80,00 динари;
21. за членовите на семејството на осигуреникот кој се наоѓа на издржување казна затвор, ако на осигуреникот не му престанал работниот однос во работната организација за време на издржувањето на казната затвор, во износ од 80,00 динари;
22. за членовите на семејството на осигуреникот кој се наоѓа на отслужување на воениот рок во ЈНА, ако пред тоа го исплатил условот на претходното осигурување, во износ од 80,00 динари.

Член 2

Обврзници за уплатување на придонесот се:

— за осигурениците под точка 1 ,2, 16, 17, 19

и 21 заклучно со точка 22 работните организации во кои осигуреникот работел односно работи или прима стипендија;

— за лицата под точка 3, 4 и 5 како и под точка 7 заклучно со 11 — организаторот за спроведување и изведување на акциите, односно работите;

— за лицата под точка 6 — Извршниот совет на СРМ;

— за лицата под точка 12 — самите осигуреници вработени во странство или членовите на нивните семејства;

— за лицата под точка 13, 14 и 19 — Заводот за вработување.

Член 3

Придонесите за лицата опфатени со оваа одлука се пресметуваат и плаќаат месечно наназад. Доколку придонесите се утврдуваат за време покусо од еден месец, за секој календарски ден во соодветниот период ќе се плаќа по 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-428
30 април 1975 година
Крива Паланка

Претседател,
**Благој Китановски,** с. р.

**240.**

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 22 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, на заедничката седница на Соборот на делегатите на корисниците на услугите — работници и Соборот на делегатите на давателите на услугите, одржана на 30 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИТЕ РАБОТОДАВЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување и за утврдување на правата од здравственото осигурување на лицата вработени кај приватните работодавци за кои со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението не е утврдена основица за придонес.

Член 2

За вработени лица кај приватните работодавци личниот доход договорен меѓу работодавецот и работникот, кој месечно не може да биде помал од:

| | | |
|---|---|---|
| — за неквалификувани работници | 1.153,00 | динари |
| — за полуквалификувани работници | 1.400,00 | „ |
| — за квалификувани работници | 1.600,00 | „ |
| — за висококвалификувани работници | 1.750,00 | „ |
| — за домашни помошнички | 1.153.00 | „ |

За учениците во стопанството, односно учениците на училиштата за квалификувани работници за кои покрај училишната се изведува и практична настава во работна организација, училиштата или кај приватниот работодавец е наградата што ја прима, но не помалку од следниот износ:

| | | |
|---|---|---|
| — за прва година | 120,00 | динари |
| — за втора година | 232,00 | „ |
| — за трета година | 348,00 | „ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-426
30 април 1975 година
Крива Паланка

Претседател,
**Благој Китановски,** с. р.

**241.**

Врз основа на член 37 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71) и член 18, став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, на седницата на Соборот на делегатите на работниците, корисници на услугите, од 30 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПАТУВАЊЕ, ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

I

При остварување на здравствена заштита на друго место, надвор од подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, осигурените лица имаат право да ги користат средствата на јавниот сообраќај и тоа: автобус во патниот и П-класа воз во железничкиот сообраќај.

За извршеното патување на начин одреден во претходниот став, на име трошоци за патување на осигуреното лице се исплатува износ во височина на стварните трошоци.

II

Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место, во врска со остварувањето на здравствена заштита, изнесува:

— 15,00 динари на подрачјето на општината на Општинската заедница;

— 60,00 динари патни и дневни трошоци за Кратово и Куманово;

— 70,00 динари патни и дневни трошоци за Скопје;

— 80,00 динари патни и дневни трошоци за Битола и Охрид;

— 150,00 динари патни и дневни трошоци надвор од СРМ.

За деца до 15 годишна возраст се исплатува надоместок за исхрана и сместување за време на патување и престој во височина од 50% од износите определени во претходниот став.

III

Надоместок за исхрана и сместување за време на патување и престој од точка 2 на Одлуката ќе се исплатува паушално за секој поминат ден на патување.

IV

На осигурено лице кое остварува здравствена заштита патни и дневни трошоци и ноќевање е заедно вкалкулирано во точка 2 и 3.

V

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за износот на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствена заштита, бр. 043613/1 од 22 декември 1972 година („Службен весник на СРМ“ бр. 4/73).

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 мај 1975 година.

Бр. 01-429
30 април 1975 година
Крива Паланка

Претседател,
**Благој Китановски,** с. р.

**242.**

Врз основа на член 51 од Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71) и член 18 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите од 30 април 1975. година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСОЧИНАТА НА ИЗНОСОТ НА ПОМОШТА ЗА СПРЕМА НА СЕКОЕ НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

I

На осигурениците кои здравствено се осигурени со Законот и самоуправните општи акти на Заедницата им припаѓа право на помош и спрема за секое новородено дете и тоа:

1. на осигуреник — жена;

2. на осигуреник — маж во случај на породување на неговата брачна другарка која е осигурена како член на неговото семејство;

3. на осигуреник — во случај на породување на било кое женско лице кое е осигурено како член на неговото семејство.

Помош за новородено дете припаѓа и во случај на породување на женско лице на семејството на кое му е обезбедена здравствена заштита поради тоа што осигуреникот се наоѓа на отслужување, односно дослужување на воениот рок.

Помош и спрема за секое новородено дете припаѓаат и:

1. за дете родено во рок од 30 дена од денот на смртта на осигуреникот, односно од денот на разводот на бракот со осигуреникот од кого се изведува тоа право;

2. за дете на осигуреник родено надвор од брак, ако татковството е утврдено врз основа на признание или со правосилна судска пресуда;

3. за усвоено дете на возраст до 6 месеци на живот, ако за тоа дете претходно не е исплатена помош.

II

Височината на помошта за спрема за секое новородено дете изнесува 250,00 динари.

III

Со денот на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за височина на износот на помошта за спрема на новородено дете, бр. 04-3613/1 од 22 декември 1972 година („Службен весник на СРМ“ бр. 4/73).

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 мај 1975 година.

Бр. 01-431
30 април 1975 година
Крива Паланка

Претседател,
**Благој Китановски,** с. р.

**243.**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), член 18, став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите, одржана на 30 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП И ПОСМРТНА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА

I

Во случај на смрт на член на семејството, на осигуреникот му припаѓа надоместок на трошоци за закоп во височина од:

— 500 динари во случај на смрт на осигурено лице до 1 годишна возраст;

— 800 динари во случај на смрт на осигурено лице од 1 до 7 годишна возраст;

— 1400 динари во случај на смрт на осигурено лице над 14 годишна возраст.

Надоместокот на трошоците за закоп во случај на смрт на осигуреникот, односно членот на семејството на осигуреникот од став 1 и 2, 3 и 4 од оваа точка се исплатува на физичкото, односно правното лице што го извршило закопот.

II

Надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице умрено надвор од нашата општина за време додека боравело таму се определува и исплатува во височина на стварните трошоци за превоз на пренесеното лице до својот дом.

III

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за височината на надоместокот на трошоците за закоп и посмртна помош на осигурени лица, бр. 043613/1 од 22 декември 1972 година.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 мај 1975 година.

Бр. 01-430
30 април 1975 година
Крива Паланка

Претседател,
**Благој Китановски,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје се води постапка за развод на брак по правната работа на тужителот Сали Мурсел, работник од Скопје, ул. „Цветан Димов“ бр. 41, против тужената Сали Зерин, родена Купа, од Скопје, сега со непозната адреса.

Се повикува тужената Сали Купа — Зерин, да се јави во судот или да ја соопшти својата сегашна адреса во рок од 15 дена од објавувањето на огласот. По истекот на овој рок, во колку тужената не се јави, ќе ѝ биде одреден старател, кој ќе ја застапува во предметниот спор.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 597/75.

---

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Асифа Мустафа Сулиќ, родена Црновршанин, од село Десово — Прилепско, против тужениот Зејнел Сулиќ, роден на 10. XI. 1947 година во село Кладница, општина Краљево, со последно место на живеење село Горно Оризари, општина Титов Велес, сега со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот Зејнел Сулиќ во рок од 30 дена по објавувањето на огласот лично да се јави во судот и да ја соопшти својата адреса. Во спротивно ќе му се одреди привремен старател кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 472/74.

---

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Фатима Бацали, моминско презиме Бислимовиќ, од Тетово, ул. „Пржова Бавча“ бр. 50, против тужениот Вели Бацали од Тетово, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Вели Бацали да се јави во судот и да ја достави својата точна адреса во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас. Во спротивно ќе му биде одреден старател во смисла на чл. 77 од ЗПП, кој ќе ги застапува неговите интереси до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 864/75.

---

При Окружниот суд во Скопје е заведен спор за надоместок на штета по тужбата на тужителот Аргирјадис Димитриос од Скопје, против тужениот „Пара“ — компанија за меѓународен транспорт од Техеран, со непозната адреса.

Се повикува претставникот на тужената Компанија да се јави во судот или да ја достави адресата во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас. Во спротивно судот ќе му определи привремен старател кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 39/73 од 19. V. 1975 година. (80)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Цветковски Трајан од Битола, ул. „Прилепска“ бр. 19/37, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Цветковска Радмила од Белград, ул. „Вилине Воде“ бр. 5-а. Тужената сега е со непознато место на живеење.

Бидејќи тужената Цветковска Радмила е во неизвесност, се повикува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд или да одреди свој застапник. Во спротивно, на истата ќе ѝ биде определен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 116/75.

---

Цветанка Цветановска, род. Тодевска, од Битола поднесе до овој суд тужба за развод на брак против тужениот Живко Тренов Цветановски од Битола, сега со непозната адреса.

Бидејќи тужениот е во неизвесност се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд или да одреди свој застапник.

Во спротивно, на истиот ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 313/75.

---

Живко Јовановски од село Породин, Битолско, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Марија Јовановска, род. Ангеловска, сега со непозната адреса.

Бидејќи тужената Марија е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд или да одреди свој застапник.

Во спротивно, на истата ќе ѝ биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 223/75.

---

Драгица Атанасовска од Битола, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Богоја Атанасовски од Битола, сега со непозната адреса.

Бидејќи тужениот е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд или да одреди свој застапник.

Во спротивно, на истиот ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 232/75.

---

Димовски Трајко од Битола, ул. „1-ви мај“ бр. 288, поднесе до овој суд тужба против Димовска Вангелица од Битола, сега во САД со непознато место на живеење.

Бидејќи тужената Вангелица е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно на истата ќе ѝ биде определен застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола. П. бр. 217/75.

---

Окружниот суд во Битола, согласно чл. 77, став 2, точка 4 од ЗПП, на тужениот Гоговски Перо од Струга по тужбата на тужилачката страна Месната заедница од село Крани, Ресен, за привремен застапник му го именува адвокатот Христевски Филота од Битола. Привремениот застапник ќе го застапува отсутниот во постапката по П. бр. 714/74 на овој суд, сè додека тужениот лично или неговиот полномошник не се јават пред судот или додека органот — Центарот за социјални работи во Струга не го извести судот дека за тужениот поставил старател.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 714/74 од 29. IV. 1975 година. (76)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд води спор Исмани Мумин од село Нераште, против Демири Нафи од село Нераште, поради сопственост и владение, вредност 3500 нови динари.

Бидејќи тужениот Нафи сега се наоѓа во Германија со непозната адреса, се повикува тужениот да се јави во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или пак да достави своја адреса. Во спротивно, по истекот на овој рок, ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги штити неговите интереси во овој спор.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 58/73 од 15. IV. 1975 г. (82)

## ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Иван Грозданов од село Старо Коњарево поднесе до овој суд тужба за развод на брак против тужената Лена Стојчевска од село Бераници, сега со непозната адреса.

Бидејќи адресата и местожителството на тужената не се познати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави или да определи свој застапник. Во спротивно судот по службена должност ќе ѝ го одреди за застапник Илиев Боге, приправник при Окружниот суд во Штип и делото ќе се решава во нејзино отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 129/74.

---

Улми Парлапанов од Штип поднесе тужба до овој суд за развод на брак против тужената Илма Сејфулова од Кавадарци, сега со непозната адреса.

Бидејќи адресата и местожителството на тужената не се познати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави или да определи свој застапник. Во спротивно судот по службена должност ќе ѝ го одреди за застапник Илиев Боге, приправник во Окружниот суд во Штип, и делото ќе се решава во нејзино отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 158/75.

---

Вера Крцева од село Мокриево поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Крцев Костаќе од село Мокриево, сега во неизвесност.

Бидејќи адресата и местожителството на тужениот не се познати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави или да одреди свој застапник. Во спротивно судот, по службена должност, го одредува за застапник. Боге Илиев, приправник при Окружниот суд во Штип и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 133/75. (83)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ТИТОВ ВЕЛЕС

Пред Општинскиот суд во Титов Велес е заведен граѓански спор за зголемување на издршка по тужбата на тужителката Сузана Стојановиќ од Титов Велес, ул. „Петре Алчев" бр. 11, против тужениот Градимир Стојановиќ, со непознато место на живеење. Вредност на спорот 600,00 динари.

Се повикува тужениот Градимир Стојановиќ во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" да се јави лично во судот или да ја достави својата точна адреса. Доколку во определениот рок тужениот не се јави ќе му се постави старател, кој ќе се грижи за неговите права и обврски по овој спор.

Од Општинскиот суд во Титов Велес, П. бр. 1283/74. (74)

---

# МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Свидетелство за завршен III клас и матурски испит, издадени од Гимназијата „Гоце Делчев" — Куманово на име Оливера Стефановска, ул. „Г. Ѓаковиќ" бр. 58, Куманово. (601)

Диплома за завршен ѕидар, издадена од Прилеп на име Борче Ацески, с. Небрегово, Прилеп. (644)

Лична карта на име Абдурезак Исмаили, ул. „Благоја Тоска" бр. 168, Тетово. (647)

Работна книшка на име Абдурезак Исмаили, ул. „Благоја Тоска" бр. 168, Тетово. (647)

Лична карта на име Бајрам Абдули, ул. „Балиндолска" бр. 48 Гостивар. (651)

Воена инвалидска книшка, издадена од Собранието на општина — Прилеп на име Борис Карамеоски, с. Мало Коњари, Прилеп. (652)

Уверение на име Славе Божиновски, с. Бело Поле, Прилеп. (654)

Воена книшка издадена од В. П. 7503/1 — Ковин на име Нијази Е. Даутов, „Т. Ужица" бр. 13б, Битола. (656)

Воена книшка издадена од Битола на име Петраќи Коковски, ул. „Смилевска" бр. 21, Битола. (658)

Свидетелство за завршено тесар и ѕидар на име Бајрам Малич, с. Србиново, Гостивар. (663)

Оружен лист бр. 762/с, издаден од СВР — Тетово на име Амит Муртезани, с. Вешала, Тетово. (665)

Возачка дозвола издадена од СВР — Тетово на име Гази Деари, с. Г. Седларце, Тетово. (666)

Возачка дозвола издадена од СВР — Тетово на име Петар Симовски, с. Теарце, Тетово. (669)

Диплома од III година, издадена од Индустриското училиште на име Јане Петрески, с. Пожаране, Гостивар. (672)

Свидетелство за IV одделение, издадено од с. Оризари — Кочанско на име Катерина Ампо Ангелова — Серафимова, с. Оризари, Кочани. (673)

Свидетелство за завршено III клас, издадено од Гимназијата „Гоце Делчев" — Куманово на име Владимир Доцевски, ул. „Б. Илиевски Гуне" бр. 44, Куманово. (674)

Возачка дозвола бр. 2177, издадена од Гостивар на име Злате Данилоски, ул. „Н. Симоски" бб, Гостивар. (726)

Возачка дозвола бр. 3431, издадена од ОВР — Битола на име Димитар Лазаревски, ул. „4 ноември" бр. 72, Битола. (727)

Воена книшка на име Миодраг Николиќ, ул. „Боримечка" бр. 15, Битола. (728)

Лична карта издадена од Македонски Брод на име Александар Алексоски, с. Тажево, Брод Македонски. (735)

Ѕидарско уверение на име Селам Муслиу, с. Неготино, Гостивар. (741)

Уверение за квалификуван ѕидар-тесар, издадено од Заводот за вработување во Кр. Паланка на име Стојмен Русимовски, Кр. Паланка. (744)

Лична карта издадена од Гостивар на име Бишир Сулејмани, с. Лакавица, Гостивар. (752)

Откупна белешка бр. 002404, издадена од ЗПТО „Кисела Вода" — Битола на име Коле Калчакоски, с. Врбјани, Прилеп. (753)

Откупна белешка бр. 002700, издадена од ЗПТО — „Кисела Вода" — Битола на име Благоја Талески, с. Бело Поле, Прилеп. (754)

Откупна белешка бр. 002289, издадена од ЗПТО — „Кисела Вода" — Битола на име Бошко Коруноски, с. Врбјани, Прилеп. (755)

Уверение рег. бр. 327/69 за слаткар, издадено од СО — Гостивар на име Ајваз Хајдари, с. Лакавица Гастивар. (758)

Уверение бр. 1025/24. IV. 67 година за положен испит леблебиџија на име Зулфидан Азизи, с. Ново Село II, Тетово. (762)

Работна книшка на име Симо Стаменков, с. Илиево, Делчево. (763)

Здравствена легитимација на име Симо Стаменков, с. Илиево, Делчево. (764)

Лична карта на име Васил М. Мишески, с. Тумчевиште, Гостивар. (770)

Воена книшка издадена од Пожаревац на име Јован Танчевски, с. Лажец, Битола. (772)

Лична карта на име Хафит Зибери, ул. „М. Симоноски" бр. 22, Гостивар. (776)

Возачка дозвола бр. 623 на име Хафит Зибери, ул. „М. Симоноски" бр. 22, Гостивар. (773)

Сообраќајна дозвола бр. 4367, ТЕ 127-27 на име Хафит Зибери, ул. „М. Симоноски" бр. 22, Гостивар. (773)

Лична карта на име Бедри Тотре, ул. „Борче Јовановски" бр. 9, Гостивар. (779)

Уверение бр. 491/69 за положен испит за слаткар на име Адем Ибраими, с. Врапчиште, Гостивар. (783)

Лична карта на име Менка Лоцева, ул. „М. Козар" бр. 40, Прилеп. (786)

Воена книшка издадена од Горажден на име Владимир Стојановски, Скопје. (714)

Сообраќајна дозвола бр. 4099 на име Душан Михајловски, ул. „Мара Угринова" бб, Гостивар. (835)

Возачка дозвола издадена од СВР — Тетово на име Ајредин Кучлар, ул. „Караорман" бр. 23, Тетово. (836)

Воена книшка на име Абдија Шабан, с. Г. Седларце, Тетово. (838)

Воена книшка издадена од Белград на име Стоиман Василков Јакимов, с. Трновац, Кратово. (848)

Воена книшка на име Никола Д. Чкаровски, с. Цапари, Битола. (849)

Откупна белешка бр. 002646, издадена од ЗПТО — Кисела Вода за откуп на сончоглед на име Миле Гаќеркоски, с. Св. Митрани, Прилеп. (851)

Воена книшка издадена од ОСИЈЕК на име Борис Маркоски, ул. „Цане Којнарец" бр. 191, Прилеп. (852)

Воена книшка издадена од Свилајнац на име Трајче Игнов Јанкуловски, с. Богомила, Т. Велес. (854)

Возачка дозвола бр. 640, издадена од СВР — Тетово на име Томислав Јанев, ул. „М. Тито" бр. 18, Тетово. (859)

Воена книшка издадена од В. П. 4945 — Краљево на име Јонче Мрнзевски, ул. „П. Ј. Кајзеро" бр. 34, Битола. (860)

Воена книшка издадена од ВП — 6800/8 — Славонски Брод на име Менде Дучевски, ул. „Цв. Димов" бр. 129, Битола. (861)

Воена книшка издадена од ВП — Кралево на име Сандре Н. Чавдаровски, с. Поешево, Битола. (862)

Воена книшка АГ. 49987, издадена од ОНО — Кратово на име Златко Николчо Тоневски, с. Куново, Кратово. (864)

Воена возачка дозвола, издадена од В. П. 6871 — Загреб на име Жарко С. Јакимовски, с. Драгоманце, Куманово. (874)

Воена книшка на име Славе С. Стојковски, с. Базерник, Д. Хисар. (882)

Воена книшка издадена од В. П. 6300/4 — Бенковац на име Боривоја Божина Кипријановиќ, с. Старо Нагоричане, Куманово. (883)

Лична карта бр. 27947 на име Хедибе Љимани, с. Оращје, Тетово. (889)

Откупна белешка бр. 002708, издадена од ЗПТО „Кисела Вода" — Битола на име Димко Д. Јовески, с. Крушеани, Прилеп. (921)

Воена книшка на име Ѓорѓи И. Цветков, с. Габрово, Струмица. (930)

Воена книшка на име Благој С. Китанов, с. Борисово, Струмица. (931)

Воена книшка издадена од Крањ на име Џемал Мустафов, ул. „Козјак" бр. 36, Битола. (942)

Уверение бр. 1209 за вршење молеро-фарбарски занает, издадено од Собранието на општина — Тетово на име Фуат Сејдиу, ул. „Ленин" бр. 95, Тетово. (946)

Возачка дозвола на име Методија Јандриоски, ул. „Сретко Крстески" бр. 20, Гостивар. (947)

Воена книшка на име Глигор Е. Горунковски, с. Мачево, Берово. (949)

Уверение за ѕидарски занает на име Џеваит Мехмеди, с. Падалиште, Гостивар. (955)

Уверение за занает тесар и ѕидар на име Селим Селими, с. Падалиште, Гостивар. (956)

Воена книшка издадена од Неготино на име Славе Стојановски, ул. „Дебарска" бр. 73, Битола. (957)

Уверение рег. бр. 425/65 за положен испит за пекар, издадено од СО — Гостивар на име Амит Шабани, с. Балиндол, Гостивар. (966)

# КОНКУРСИ

Советот на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

— за еден наставник (во сите звања) по предметот англиски јазик (преизбор),

— еден лектор по македонски јазик (преизбор).

Пријавите таксирани со по 2 динари, останатите документи, научни и стручни трудови (доколку има такви), по еден примерок од истите да се доставаат до архивата на Филолошкиот факултет во Скопје.

Конкурсот трае еден месец од денот на објавувањето.

---

Врз основа на одлуката бр. 03-553 од 19. III. 1975 година на Советот на работната организација за производство на полиестерско влакно „ХЕМТЕКС" — во изградба, Скопје, и одредбите на Правилникот за начинот и постапката за отстапување изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ", бр. 24/74), Стручната комисија на инвеститорот

распишува

**КОНКУРС**

за подобност на монтажерска организација за изведување на монтажа на процесна и помошна опрема, цевки и цевна арматура во производните и помошни објекти на фабриката „ХЕМТЕКС" — Скопје, лоцирана во с. Лисиче — Скопје

I. Предмет на отстапување е вградување и монтажа на процесна и помошна опрема, цевки и цевна арматура во производните и помошни објекти на инвестиционият објект фабрика „ХЕМТЕКС" — Скопје, а обемот на работите е како следи:

1. Процесна опрема за хемиска индустрија во парчиња, со разни димензии и тежина од 5 т., во вкупна тежина цца 650 т.

2. Монтажа на цевки и арматура, и тоа:

2.1. Црни цевки од јаглеродороден челик, во трговски димензии од материјал А 53 ГР „Б" или „А" од 1/4 до 20 инчи, со ориентациона тежина до 68 т.

2.2. Цевки од некорозивен материјал, во трговски должини по АСТМ-312, граде ТП-304 (316), од 1/4 до 12 инчи, со ориентациона тежина до 12 т.

2.3. Фазонски парчиња од некорозивен челик и тоа разни колена сцх 40 С, 10 С, од 90° и 45°, по АНСИ 13-16.9. и др., со ориентациона тежина од 2,5 т.

2.4. Редуцири од некорозивен челик, концентрични и ексцентрични, сцх, 10 С, 40 С по АСТМ А-403 Гр. ВВ П-316 и др., со ориентациона тежина од 0,5 т.

2.5. Т-парчиња, сцх 10 С, по МСС СП-43 од материјал по АСТМ А-403, Г. ВВ П 304, со ориентациона тежина од 0,4 т.

2.6. Колена од јаглеродороден челик од 90° и 45°, по АСТМ А-197 и др., со ориентациона тежина од 10 т.

2.7. Т-парчиња од ковано железо, по АСТМ А-197 и др., од 150 лб, 3000 лб, и сцх 40 С, со ориентациона тежина од 1,3 т.

2.8. Прирабници од 150 лб и 300 лб од некорозивен материјал по АНСИ Б-16.5 и др., со ориентациона тежина од 1,5 т.

2.9. Прирабници од 150 лб до 1500 лб. од јаглеродороден челик, лиено и ковано железо, по А-197 односно АНСИ Б 16.5 со ориентациона тежина од 7,7 т.

2.10. Разна арматура од некорозивен челик, со ориентациона тежина од 2 т.

2.11. Разна арматура од лиено железо, со ориентациона тежина од 50 т.

2.12. Фитинзи од некорозивен материјал, со ориентациона тежина од 1,0 т.

3. Монтажа на носечки конструкции, доколку ги има.

4. Изработка и монтажа на конзоли, со ориентациона тежина од 60 т.

5. Набавка на материјал по налог на инвеститорот.

II. Ориентационата вредност на работите изнесува 1,5 милијарди ст. динари.

III. Рокот за изведување на работите изнесува 7 до 8 месеци.

IV. Заинтересираните организации поднесуваат до инвеститорот писмена пријава за учество на конкурсот. Пријавите се поднесуваат до Работната организација за производство на полиестерско влакно „ХЕМТЕКС" — во изградба, Скопје, ул. „Коста Новаковиќ" бр. 12.

V. Рокот за поднесување на пријавите изнесува 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот.

VI. Пријавата мора да содржи:

— точна адреса на работната организација која ја поднесува пријавата, како и решение за упис во судскиот регистар,

— податоци за стручните кадри во работната организација,

— податоци за техничката опременост на работната организација,

— податоци и листа на изведени исти или слични објекти,

— податоци за финансиската состојба на работната организација по завршната сметка од претходната година,

— список на организации кој по мислење на изведувачот ќе бидат ангажирани како коопeранти.

Меѓу другото, овие елементи од пријавата ќе служат како критериум за оценка на подобност на изведувачот.

VII. Покрај пријавата мора да се поднесе и доказ дека подносителот на пријавата е овластен за изведување на работи од точка I. на овој конкурс.

VIII.Конкурсот за подобност на изведувач ќе се одржи во деловните простории на инвеститорот, на ул. „Коста Новаковиќ" бр. 12 — Скопје.

IX. Претставниците на изведувачките организации мораат на Стручната комисија да ѝ предадат писмени овластувања за застапување на организацијата во име на која се јавуваат.

X. Нема да бидат земени во обзир пријави кои не ги исполнуваат условите од овој конкурс, како и пријави кои се поднесени по истекот на рокот за поднесување.

XI. Конкурсот ќе се одржи ако благовремено со поднесени најмалку две пријави кои ги исполнуваат условите од конкурсот.

XII. Одлуката на инвеститорот за подобни изведувачки организации ќе биде донесена во рок од 10 дена по одржаниот конкурс, а истата ќе биде доставена на подносителите на пријавите во рок од 10 дена од денот на донесувањето.

XIII. Изведувачките организации прогласени за подобни имаат право непосредно да достават своја понуда за изведување на работите во рок од 30 дена од приемот на документацијата. Неблаговремено доставените понуди нема да бидат земени во обзир, а секој учесник има право да поднесе само една понуда.

XIV. Секој понудувач должен е на име гаранција да уплати на сметка на инвеститорот 40100-601-12456 СОК — Скопје, износ од 10% од ориентационата вредност на работите и за тоа достави доказ. Наместо уплата во пари може да се даде гаранција со предавање на меница или гарантно писмо од банка. Гаранцијата се дава најкасно 10 дена по истекот на рокот за поднесување на понуди.

XV. Одлуката за прифаќање на понуда односно одлука дека постапката не е успешна ќе се достави на понудувачите во рок од 10 дена од нејзиното донесување.

XVI. За поконкретни информации заинтересираните организации можат да се јават на тел. 38-120 и 39-234/22 или во работната организација „ХЕМТЕКС" — Скопје, ул. „Коста Новаковиќ" бр. 12. (92)

---

Задружниот совет на Земјоделската задруга „Малина" — Крива Паланка

распишува (89)

**КОНКУРС**

за именување директор на Задругата (реизбор)

Услови:

— да има висока стручна подготовка од земјоделски или економски смер и 5 години работно искуство на исто работно место,

— да не му е со судска или друга одлука забрането вршење на должноста директор на работна организација.

Покрај напред бараните услови, кандидатот треба да ги исполнува и општите услови за здружување на трудот.

Молбите се поднесуваат до Земјоделската задруга „Малина" — Крива Паланка — Конкурсна комисија за реизбор на директор.

Покрај молбата потребно е да се доставaт и документи за доказ дека се исполнети условите од овој конкурс.

Конкурсот е отворен 30 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ". (93)

---

Советот на Економскиот факултет во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

а) За избор на наставници во постојанен работен однос (во сите звања) по предметите:

— Математика за економисти I

— Математика за економисти II

— Основи на статистиката

— Економика на индустријата

— Стопанска со демографска статистика

— Теорија на трошоци

— Финансиски систем на СФРЈ

б) За асистенти во постојанен работен однос по предметите:

— Група предмети од областа на сметководството

— Економика на прометот

в) За наставници во дополнителен работен однос по предметите:

— Економска географија

— Основи на марксистичката филозофија

г) За стручен соработник во дополнителен работен однос по група предмети од областа на сметководството.

Условите за избор се регулирани со членовите 269, 271, 272 и 275 од Статутот на работната организација на Економскиот факултет во Скопје.

Пријавите се поднесуваат до Секретаријатот на факултетот во рок од 30 дена од денот на објавувањето на конкурсот. (94)

---

Советот на ООЗТ — Земјоделски оддел во работната организација Земјоделско-шумарски факултет во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за реизбор во следните звања и предмети:

1. Реизбор на асистенти по предметите:

— Исхрана на домашните животни,

— Чување и преработка на месото,

— Преработка на овошје и зеленчук,

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите пропишани со Законот за високото образование на СРМ.

Пријавите се поднесуваат до деканатот на РО Земјоделско-шумарски факултет — ООЗТ — Земјоделски оддел во Скопје.

Кон пријавата кандидатите треба да приложат диплома, куса биографија, потврда за регулирана воена обврска, список на стручни и научни трудови и по еден примерок од самите трудови.

Пријавата, кусата биографија и списокот на стручните и научните трудови се поднесуваат во четири примероци.

Рок за пријавување е 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот.

Некомплетираните документи нема да се земат предвид при разгледувањето. (95)

---

Конку сната комиси а на „Елект омаке онија“ — ООЗТ „Електродистрибуција“ — Кочани, работна единица на здружен труд ХЕ — Зрновци

распишува

**ПОВТОРЕН КОНКУРС**

За избор на управник и замена на смени на ХЕ — Зрновци

Услови:

Кандидатот покрај општите услови предвидени со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, треба да ги исполнува и посебните услови:

— да има завршена виша електротехничка школа (електроинженер) со 3 години работен стаж по дипломирањето;

— да има завршено средно електротехничко училиште (електротехничар) со 5 години работен стаж по дипломирањето;

— поради природата на работата кандидатот да биде од машки пол со отслужен воен рок;

— да има морално-политички квалитети;

— предност имаат наши работници под исти услови.

Обезбеден е двособен конфорен стан во станбена зграда на ХЕ — Зрновци.

Кандидатот кон молбата да приложи:

— препис од дипломата, односно свидетелството за завршена виша електротехничка школа, односно за завршено средно електротехничко училиште;

— уверение за отслужен воен рок;

— потврда за работен стаж по полагањето на школата односно училиштето;

— уверение дека не е осудуван и дека не е под истрага.

Конкурсот е отворен 15 дена, сметано од денот на објавувањето.

Молбите со бараните документи се поднесуваат до конкурсната комисија на работната единица на здружен труд ХЕ — Зрновци.

Некомплетираните документи или неблаговремено поднесените молби нема да се разгледуваат.

---

Советот на работната заедница при Станбено-комуналната управа во Демир Хисар

распишува

**КОНКУРС**

За технички директор на Станбено-комуналната управа во Демир Хисар.

Кандидатот покрај општите услови да ги исполнува и следните услови:

да има завршено средна стручна спрема од градежен смер со над 20 години работно искуство во градежништвото од ниска и висока градба;

— да поседува морално-политички квалитети и организаторски способности;

— да не е осудуван и да не е под истрага.

Молбите комплетирани со потребните документи да се доставуваат до Станбено-комуналната управа — Демир Хисар.

Некомплетираните документи нема да се разгледуваат.

Конкурсот трае до 25. VI. 1975 година, а на работно место ќе стапи од 1. VII. 1975 година. (100)

---

## СОДРЖИНА

Страна

207. Наредба за начинот и постапката за остварување на премијата според Одлуката за определување премија за кравјо и овчо млеко во 1975 година — — — — 369
208. Правилник за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила — 370

**Општествени договори и самоуправни спогодби**

237. Посебен општествен договор за изменување и дополнување на Посебниот општествен договор за критериумите и мерилата за усогласување на надоместокот на личен доход и на примањата на делегатите и функционерите што ги избираат односно именуваат Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија, Извршниот совет на Собранието на СРМ, општествено-политичките организации и Стопанската комора на Македонија — — — — — — 376

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

238. Одлука за стапките и тарифата на придонесите за здравственото осигурување на работниците во 1975 година — — — — 376
239. Одлука за постојаните износи на придонесите на здравственото осигурување на одделните категории лица надвор од работниот однос осигурени по Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението — — — — — — — 377
240. Одлука за утврдување на основицата за пресметување и плаќање на придонес за здравственото осигурување на лица вработени кај приватните работодавци — 378
241. Одлука за износот на надоместокот на трошоците за патување, исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствена заштита — — — — — — — — — 378
242. Одлука за височината на износот на помошта за спрема на секое новородено дете — — — — — — — — — — 379
243. Одлука за височината на надоместокот на трошоците за закоп и посмртна помош на осигурените лица — — — — — 379

Издавач: „Службен весник на СРМ“ — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје